# Република Северна Македонија
# Претседател

Скопје, 25 март 2021 година

**Почитувана госпоѓо Претседател,**

По повод Националниот празник на Хеленската Република, ми претставува особена чест и големо задоволство, во името на граѓаните на Република Северна Македонија и во свое име, да Ви упатам срдечни честитки и искрени желби за натамошен просперитет и за благосостојба на Вашата држава и на пријателскиот грчки народ.

Во овој свечен момент кога прославувате 200 години од независноста на Хеленската Република, би сакал да го изразам своето уверување дека врските на пријателство, разбирање и соработка, воспоставени помеѓу нашите две држави, дополнително ќе зајакнат во годините што следуваат.

Изминатите години, поминавме низ многу предизвици, а денес стоиме рамо до рамо како рамноправни членки и сојузници во Северноатлантската Алијанса и продолжуваме да работиме на остварување на целите, интересите и вредностите што ги споделуваме како миролубиви и демократски општества.

Истовремено, длабоко сум уверен дека во периодот што претстои нѐ очекува интензивиран, плоден и отворен билатерален политички дијалог во интерес на нашите пријателски народи, како и во интерес на стабилноста и безбедноста на регионот.

Во оваа смисла, високо ја вреднуваме поддршката на Вашата земја за формалниот почеток на пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија бидејќи истата претставува не само влог во развојот на нашите билатерални односи, туку и влог во натамошниот демократски развој на Западниот Балкан.

На крајот, со најискрени желби за Ваша лична среќа и добро здравје и во очекување на нашата скорешна средба во Атина, дозволете ми Ваша Екселенцијо, да Ви ги упатам изразите на моето највисоко почитување.

**Стево Пендаровски**

**Нејзината Екселенција**
**г-ѓа Катерина Сакеларопулу**
**Претседател на Хеленската Република**

**<u>АТИНА</u>**